СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 1998 година

Скопје, март 1998 година

**86 ( ОСУМДЕСЕТ И ШЕСТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11 МАРТ 1998 г.**

**Дискутанти :**

1. АНДОВ СТОЈАН - 6
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 52, 66
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР – 23, 28 ( потпр. на Вл.)
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 54, 57
5. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 60
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 31
7. ГАЈТАНОВСКИ ИЉО - 46, 47, 49, 50,72, 73, 74, 75, 79, 81, 82, 83 ( зам.мин.за Внатр. раб)
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 19, 73, 76
9. КАРОВ ЗВ0НК0 - 80
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 77
11. КАДРИУ ЗЕКИР - 24
12. КИТАНОБСКИ ЛАЗАР – 4 (мин.за одбрана)
13. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 22
14. МИНОВ ПАНЧО - 47, 48, 50, 64, 79
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 25,28
16. ПЕТК0ВСКИ ТИТО – 1 ,8, 10, 22, 27 ... ( води седн.)
17. РУЖИН НАНО - 67, 68
18. РАМАДАНИ ХИСЕН - 25, 58
19. РАМАДАНИ САЛИ - 16, 33, 38
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19, 55, 59
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ- - 30
22. СТОЈАНОВСКИ ЗДРАВКО - 23
23. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 53
24. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 68
25. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 32, 78
26. ТАИРИ МЕВЉАН - 5о,56,64,
27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИМ - 61
28. ХАСИПИ КЕНАН - 70
29. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 16
30. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 49, 81
31. ШАКИРИ ХИСНИ - 62

**Дневен Ред:** стр. 10
Точка 1-стр.33 - Предлог да се пристап. кон измена на УСТАВОТ на РМ ( расправа )

Точка 3 - стр.45-Безбедност на сообраќајот на патиштата..

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието (сала број 1) со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Владе Давитковски, Иван Бојков, Маријан Начевски, Амди Бајрам, Симон Наумовски, Љупчо Мешков и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство од пратениците и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 80-тата , 81-та, 84-тата и 85-тата седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешка на записниците?

Нема.

Констатирам дека записниците од 80-тата, 81-та, 84-тата и 85-тата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

I/2 јм/вц

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации здравствен дом "Скопје"-Скопје, здравствен дом "Македонски Брод"; здравствен дом "Демир Хисар"-Демир Хисар Болница за душевни болести - Демир Хисар, здравствена станица "Железара" Скопје, Специјална болница за ортопедија и трауматологија -Охрид, Медицински центар "Борис Канчевски" - Гостивар, Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци и Медицински центар "Велес" - Велес, Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Вишата медицинска школа во Битола и Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

Кој е предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

60 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации Здравствен дом "Виница", Максилофацијална хирургија - Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" од Скопје, Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација здравствен дом "Ресен", предлози на одлуки за избор и именување на членови на Управниот одбор и на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Македонско Радио

I/3

Телевизија, предлози на одлуки за разрешување и именување претседатели и членови на одборите за доделување на наградите "Климент Охридски"; "11 Октомври" и Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно- математичкиот факултет во Скопје и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

62 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Димитрија Вревезовски и Благоја Силјановски понесоа Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

3 пратеници.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Пратеничката група на Либерално - демократската партија предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со информација на Владата на Република Македонија за безбедносната состојба во земјата во врска со најновите настани на Косово - СР Југославија.

Барањето е доставено до Владата на РМ:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Лазар Китановски, министер за одбрана.

I/4

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, безбедносната состојба во Република Македонија по настаните во Косово е стабилна и досега не се забележани никакви инциденти ниту пак зголемен прилив на лица од страна на Косово спрема Македонија. На македонско - југословенската граница не постојат индикатори за нарушување на граничниот режим. По настаните во Косово зголемено е присуството на војниците на армијата на Република Македонија во граничниот појас и се зголемени мерките на безбедност на овој дел од границите присутни се и дел од единиците за специјални намени на министерството за одбрана, а во пограничниот појас покрај зголемениот број на гранични патроли, хеликоптери на армијата

постојано го надлетуваат целото подрачје. Досега не се забележани никакви бегалци, ниту пак помасовни групи граѓани од Косово спрема Македонија ниту пак се преземани мерки за евакуација на населението од пограничниот појас. Преземени се сите мерки за спречување на последиците од било какви можни случувања кои што би влијаеле на безбедноста на државата, а сите преземени активности се во функција на контрола на државната граница меѓу Македонија и СР Југославија.

Во врска со познатите случувања на Косово и нивните рефлексии спрема Република Македонија Министерството за внатрешни работи на 5, 6 и 10 март 1998 година регистрираше протесни собири во Тетово, Скопје и Дебар, организирани од страна на партиите на етничките албанци од Република Македонија во знак на поддршка на албанците на Косово. За време на собирите беше интонирана химната на Република Албанија, како и карта на Голема Албанија, а на собирот во Скопје беше запалено знамето

I/5

на трета држава. За направените прекршоци против organizatорите на собирите поднесени се соодветни прекршочни пријави, а се преземаат мерки и за откривање на други лица сторители на прекршоци како на пример, демолирање на автомобил на еден граѓанин. Со оглед на настаните во соседната земја МВР ја подигна мобилноста на службите на повисоко ниво. Во таа смисла преземени се мерки за зајакнато длабинско, оперативно и физичко покривање на територијата на нашата земја.

На граничните премини сообраќајот се одвива нормално и не се забележани невообичаени однесувања. Исто така, не се евидентирани случаи на бегалци од Косово во нашата земја. Од овие причини Владата смета дека нема потреба од седница, ниту посебна точка на седница на Собранието на Република Македонија. Значи состојбата ја оценуваме како сосема безбедна без никакви нарушувања на границата, без појави на бегалци, сообраќајот е по фреквенција вообичаен како и досега и сметаме дека затоа нема потреба од посебна седница на Собранието посветена на оваа тема. Уште повеќе би додал бидејќи во изјавите на некои партии, особено на почитуваниот претседател на Либерално - демократската партија г-динот Петар Гошев однесувањата на протестите беа оквалификувани како мешање во внатрешните работи на друга држава. Доколку заседава Собранието на Република Македонија тоа ќе значи уште поголемо мешање во внатрешните работи на друга држава. Затоа Владата смета дека нема потреба од одржување на посебна седница, или посебна точка на Собранието на Република Македонија. Се разбира, доколку настане состојба која би претставувала опасност, или закана за Република Македонија Владата е спремна да излезе со информација и тогаш би разговарале за тоа дали има потреба од посебна седница на Собранието на Република Македонија.

I/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, некој во името на пратеничката група да се произнесе по овој став на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во непосредно соседство дојде до оружени конфликти и околу 90 жртви. Се разбира тоа е друга земја и ние не би сакале да се мешаме во внатрешните работи на таа земја. Но, должни сме како парламент точно да ги согледаме можните последици за нашата земја и тоа потребата на немешање во внатрешните работи на друга држава никако не не ослободува од тоа ние овде како Парламент да ги согледаме можните настани, навестените настани и веќе случените настани во нашата земја и нивните можни последици. Ние затоа предложивме да се одржи итна седница на Собранието. Меѓутоа, иако е тоа надлежност да процени претседателот на Собранието, претседателот на Собранието оценил дека нема потреба и побарал мислење од Владата. Ние кога видовме дека немаат намера да закажат седница, итна седница на Собранието, иако ние не бевме известени за таквата одлука, иако е основен ред да бидеме известени. Се распрашувавме стално, се одолговлекуваше одговорот, но сепак добивме одговор вчера дека нема да се закаже таква седница. Затоа побаравме оваа точка на дневен ред да се уврсти на оваа седница. Ова го побаравме бидејќи сме длабоко убедени дека пратениците како народни избраници, како избраници на граѓаните благовремено ако им се даде прилика со своите настапи овде во Собранието ќе разјаснат многу недоразбирања, па и доста јасни разбирања кои беа дадени како сигнали на митинзите во нашата држава. Ние мислиме дека е неопходно да се одржи една расправа каде навистина досегот на тие сигнали кои беа дадени ќе бидат добро разјаснети и на некој начин ќе се ублажи ефектот од тоа што се случи. На овој начин Собранието

е лишено од таква можност. Останува неразјаснето Владата вели дека нема бегалци, нема инциденти на границата, прекршочни истраги се водат околу сторителите и тоа е се. Меѓутоа, на митинзите е инволвирана Владата. Во претседателството на тие митинзи на трибините учествуваат членови на Владата и во Скопје и во Дебар, незнам за Тетово каков е случајот. Владата треба да разјасни каков е степенот на нејзината инволвираност во митинзите кои се одржуваат во Македонија и каква е насоката давана од Владата и од членовите на Владата кои биле таму за барањата кои се таму декларирани. Јас морам да ви кажам, имало митинзи на овој плоштад каде се барала заштита на човековите права на малцинствата кои живеат во соседните земји од македонскиот народ. Ние сме се оградувале од екстремните пароли и барања кои тогаш се исфрлувале. И ние мислиме дека има право секој, па и нашите етнички албанци како што вели г-динот министер да организираат митинг, да го искажат незадоволството од состојбите на човековите права на Косово доколку така проценуваат. Но, на тие митинзи како што знаете имаше јасни насоки дека се подржува и ослободителната армија на Косово за која ние и не знаеме дали постои и колку постои, но исто така знаеме дека таа армија, нејзини тајни, некои мистериозни шефови даваа изјави дека стојат зад бомбашките напади во Македонија. Јас овде барањето кое го поставуваме ние не го образлагаме и не го замислуваме дека тоа треба да има било каква, да содржи некоја наша резервираност итн. спрема нашите колеги од албанска националност овде, или од албанците кои се државјани на нашата Република. Напротив ние мислиме дека нивните права исто така се загрозени ако екстремизмот се загнезди и овде, нивните права можеби пред се ќе бидат

загрозени но ни на македонскиот народ и македонската држава и граѓаните на Македонија, сите. Затоа мислевме дека сега е време на еден трезвен реалистички коректен начин конструктивен начин да бидеме овде информирани и да порасправаме да ги насочиме

I/8

настаните во сосема друг правец. Инаку морам да ви кажам овде беше од министерот спомнат и некои факти беа спомнати, пеењето на химната на друга држава, а прескокнувањето, неисполнувањето на нашата химна, веењето на знамиња на друга држава, а отсуството на знамињата на нашата држава. Кај огромен број граѓани, јас верувам и кај еден дел од разумно поставените граѓани од албанско потекло тоа предизвика морничава слика. Немојте да се залажуваме, така почнуваат тие работи. И ред е ова Собрание бидејќи овде се испратени од народот, од граѓаните и од македонската нација и од сите националности да даде една друга насока на чувствата и размислувањата на граѓаните во Македонија во еден исклучително тежок период, чувствителен период. Незнам, јас не можам да го разберам ниту ставот на претседателот на Собранието, ниту ставот на Владата од вака длабокото сомневање што го искажаа спрема овој состав на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи расправаме за дополнување на дневниот ред на оваа седница, после овие искажувања на господинот Андов јас чувствува потреба да ве информирам за мојот однос кон иницијативата на пратеничката група на Либерално - демократската партија. Имено предлогот за вонредна седница го добив во сабота

на седми некаде во 13,00 часот. во предлогот покрај ова што се бара за денешната седница Информација, стоеше и потреба од едно аналитичко согледување на безбедносната состојба во земјата врз основа на што Собранието ќе може компетентно да расправа. За едно такво аналитичко согледување на состојбата во Републиката јас морав да се обратам до Владата, не само што ми е деловничка обврска да побарам мислење од Владата, туку заради такво продлабочено согледување на состојбата морав да побарам

I/9

мислење од Владата и дали Владата е во состојба тоа да го направи. Утрото во понеделникот јас го доставив барањето на Владата и Владата го имаше на дневен ред на својата редовна седница и како што е информирана јавноста и вие оценив дека нема потреба за вонредна седница кое мислење јас го делам лично и ако треба да го кажам и сега ќе повторам пред вас независно од ставот на Владата исто сметам дека нема потреба да се создава вонредна состојба во Републиката заради протести, независно каде тие се одржуваат и од кого се. Поради тие причини и Претседателството на Собранието во понеделник на седницата оцени дека нема потреба да се закаже вонредна седница. И дополнителна причина беше што веќе за среда, значи за денес имавме закажано редовна седница и дека прашањето може да се апсолвира на денешната седница како посебна точка. Како што слушнавте претставникот на Владата смета дека нема потреба од таква точка во дневниот ред на Собранието, но пратеничката група на ЛДП смета дека треба и јас тој предлог на пратеничката група го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници.

Дали има некој против?

3 6 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање?

10 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

II/1 ЛП/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците Тито Петковски, Џеладин Мурати и Блаже Филипов- ски поднесоа Предлог на одлука за начинот на реализација на главниот проект за ентериерот и адаптација на салите 1, 3 и 4 во Собранието на Република Македонија и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија,

2. Утврдување на Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија,

3. Предлог на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата,

4. Предлог на закон за заштита при работа,

5. Предлог на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството,

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон,

II/2.-

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за територијална поделба на Република Македонија и

определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства и за начинот на исплатата на штедните влогови на штедачите во штедилниците "ТАТ" Д00 - Битола, "Алфа-С" АД Скопје и "Лавци" ДОО Охрид, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Демократска Народна Република Кореја за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон,

II/3.-

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија и стопанска соработка меѓу Македонската Влада и Албанската Влада, со Предлог на закон,

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за регулирање на малограничниот сообраќај на лица во пограничната зона, со Предлог на закон,

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај, со Предлог на закон,

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка на полето на ветеринарната медицина, со Предлог на закон,

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за взаемна помош и соработка меѓу нивните царински органи, со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на заштитата на растенијата, со Предлог на закон,

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка на полето на ветеринарната медицина, со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за репрограмирање на македонскиот долг кон Јапонија, со Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за помирување и арбитража во рамките на ОБСЕ, со Предлог на закон,

II/4.-

24. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка и трговија меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска, со Предлог на закон,

25. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат врз претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров,

26. Предлог за разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Прилеп,

27. Предлог на одлука за огласување избор на судии во Основните судови,

28. Предлог на одлука за начинот на реализација на главниот проект за ентериерот и адаптација на салите 1, 3 и 4 во Собранието на Република Македонија,

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Скопје"-Скопје,

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод,

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Демир Хисар" - Демир Хисар,

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести - Демир Хисар,

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена станица "Железара" - Скопје,

II/5.-

34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид,

35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчески" - Гостивар,

36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци,

37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес,

38. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница,

39. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Максилофацијална хирургија Скопје,

40. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" - Скопје,

41. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Ресен,

42. Предлог на одлука за избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија,

43. Предлог на одлука за именување на членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија,

II/6.-

44. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски";

45. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Наградата "11 Октомври",

46. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно - математичкиот факултет во Скопје,

47. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Вишата медицинска школа во Битола,

48. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола,

49. Извештај за работата на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во периодот април 1996 до април 1997 година.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господин Џаферовски.

II/7 .-

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, со оглед на тоа што Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди предлог за именување на генерален директор на Македонската радио телевизија и заменик на генералниот директор на Македонската телевизија, предла- гам на денешната седница овие две точки да влезат на дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Џафероски, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Како точка 50 - Одлука за именување на генерален директор и заменик на генералниот директор на Македонската радио телевизија две точки посебно, се разбира, како е деловнички.

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес предлагам да се стави на дневен ред точката - Утврдување на нацртот на амандманите IV, V, VI и VII од Уставот на Република Македонија.

Кратко образложение. Бидејќи врз основа на член 130 од Уставот на Република Македонија се исполнети условите и поднесен е предлог за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија, не криеме дека ја користиме приликата на полесен начин да предложиме утврдување на Нацртот на амандманите IV, V, VI и VII од Уставот на Република Македонија, било тоа како втора според релевантноста или

II/8 .-

како трета точка на дневниот ред, што е на крајот на краиштата се исто. Колку се важни нашите амандмани сведочи не само фактот што за актуелниот Устав на Република Македонија за време на неговото донесување на 17.12.1991 година не гласаше ниеден од пратениците албанци, 23 колку беа во тогашниот

состав на Парламентот, туку за овие дефекти на овој Устав беа и се ангажирани сите политички партии на албанците и севкупното население на оваа најголема популација во Република Македонија. Само со утврдувањето на овој нацрт на овие амандмани, преку јавната дискусија нормално и нивната ефикасност од страна на овој Парламент кој ќе расправа големата грешка на Албанците да се исправи, да бидат прилично задоволни албанците, колку толку, од дискриминацијата. Во спротивно за евентуалните реагирања, не- задоволства и натамошното влошување на меѓуетничките односи ние не сносиме никаква одговорност.

Второ, како втора точка предлагаме да се стави на дневен ред барање информација од Владата на Република Македонија односно од Министерството за надворешни работи и за одбрана за актуелните состојби на агресијата и тероризмот и масакрот на српските власти врз невините албанци во Дреница и воопшто во Република Косово, па за преземените мерки на Република Македонија околу солидарноста со Албанците и безбедноста на нашата држава Република Македонија.

Кратко образложение: Ова ќе служи и за враќање на имиџот на Република Македонија за исклучување на можни шпекулации за сочу- вување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Трето врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 32 став 1 точка 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам да се стави на дневен ред точката –

Предлог за донесување декларација на Собранието на Република Македонија за солидарноста на сите граѓани на Република Македонија со албанците во Дреница и Република Косово, осудување на српскиот агресор и масакар врз невините албанци, па безусловно признавање на Република Косово од страна на Република Македонија и прекинување на дипломатските односи со Република Србија односно таканаречена Федеративна Република Југославија, со Предлог - декларација.

Кратко образложение: Бидејќи сите граѓани на Република Македонија се бореа со векови за својата слобода и тоа ги чинеше многу за време на целата нивна историја и знаат што е ропство и што е слобода, и покрај некои недоразбирања за кои не се виновни широките народни маси, туку владарите, сметам дека апсолутното мнозинство на сите граѓани на Република Македонија се на страна на правдата и праведноста на страна на слободата, хуманоста и солидарноста, на страна на невините албанци на Дреница и Косово, воопшто се на страна на децата, старите луѓе и мајките албанки и дека ја осудуваат агресијата, масакрот и убиствата на српскиот агресор на сите невини човекови битија. Крајно е време и сите граѓани на Република Македонија да реагираат единствено како што знаеле повеќепати во нивната славна историја да го направат тоа. Прифаќањето на една ваква декларација ќе и помогнеше на Република Македонија во секој поглед додека граѓаните би ја покажале уште еднаш нивната позната солидарност и хуманост.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред да го ставам на гласање сакав да ви кажам заради можните шпекулации Република Косово не постои како меѓународно

правен субјект признат и не би требало да се употребува од говорницата на Македонскиот парламент.

II/10 .-

Второ, прво го ставам на гласање предлогот на господинот Сали Рамадани за дополнување ан дневниот ред со Нацрт амандмани IV, V, и VI.

(Некои реакции на пратениците од место)

Ве молам, нема дискусии во врска со тоа.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Според деловникот 40 предлагачи треба да има. Неможе да се стави вака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ова е иницијатива на господин Сали Рамадани.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Неможе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас неговиот предлог го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во врска со Предлог - резолуцијата односно декларацијата на господинот Сали Рамадани би сакал да се изјаснам јас, затоа што

веќе е најавено и во средствата за јавно информирање знаете дека пишуваше дека и пратеничката група на Партијата за демократски просперитет ќе поднесе предлог за една таква декларација во врска со настаните во Косово односно пограничниот крај. Меѓутоа, пратеничката група на ПДП смета

II/11 .-

дека не треба да поднесе таков предлог односно предлог на декларација затоа што откако се одржа средбата на контакт групата во Лондон и откако Владата сите тие заклучоци одлучно ги поддржува како такви, сметаме дека секоја друга декларација која би се поднела како предлог пред ова Собрание после таа средба на таа контакт група и после тие заклучоци од контакт групата во Лондон мислиме дека не треба да се поднесе во Собранието, затоа што Собранието веќе ја одржува седницата после донесување на тие заклучоци кои според наши оценки и вчера како претседателство на Партијата за демократски просперитет се заклучоци кои за почеток како иницијатива и за преземените мерки задоволуваат и затоа се повлековме и немаме предлог денес односно предлог на декларација за настаните во Косово т.е. во дреничкиот крај.

III/1 ДВ/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вториот предлог на г-динот Сали Рамадани да се дополни дневниот ред со Информација за актуелните состојби на Косово и односот на Македонија, го ставам на гласање, иако ние посредно се произнесовме уште на почетокот на седницата, по одговорот на министерот за одбрана.

Кој е за вториот предлог на г-динот Сали Рамадани молам да крене рака? (6)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Трето, предлогот за донесување на декларација за солидарност со албанците на Косово го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на г-динот Сали Рамадани, ваква точка да се внесе во дневниот ред, молам да крене рака ? (7)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Јас барам на денешната седница дневниот ред да биде дополнет со разгледуваше на однесува на потпретседателот на Собранието на РМ, г-динот Џеладин Мурати на седницата од 11 .02.1998 год, кога грубо беше прекршен Уставот и Деловникот за работа и со евентуална можност за негово разрешување од оваа функција.

Целокупната јавност ја следеше оваа седница, го следеше однесувањето на најголемиот дел од пратениците тука кои што оправдано изразија револт со прекршување на Уставот и Деловникот од оној кој што

III/2

треба најповеќе да го почитува. Затоа сметам дека на денешната седница треба да расправаме и за оваа скандалозно однесување, со тоа што ако не биде прифатен овој мој предлог, јас се надевам дека ќе се приклучат четворица пратеници за да доставиме интерпелација за разрешување од оваа функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво точката е недефинирана, разгледување на однесувањето. Може да стане збор за одговорност.

Јас сакам да ги информирам пратениците дека во врска со иницијативата на г-дин Стојановски му одговорив дека согласно Уставот и Деловникот, 20 пратеници треба да потпишат предлог за разрешување на потпретседателот на Собранието, што значи тој услов не е исполнет, како што исто така не е исполнето ни ова второто што сам го предложи г-динот Стојановски. Јас навистина незнам што сега да ставам на гласање.

Но, сепак, како што е формулиран, јас таквиот предлог го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (6)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Славко Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, господине потпретседателе, драги пратеници,

Барам од Владата на РМ на оваа или на наредната седница...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам разговараме само за денешната седница.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Да, на оваа седница да поднесе информација за откупот и пласманот на јагнешкото месо, бидејќи е проблематичен пласманот на 200 до 300 илјади јагниња каде што од пласманот на оваа јагнешко месо многу зависи дали сточниот фонд ќе почне да се зголемува или како и досега ќе оди кон намалување.

III/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Присутни се одредени активности во Владата во врска со содржината на бараната информација.

Владата може да изготви информација и да му ја достави на пратеникот за информирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Котевски дали се согласувате со одговорот.

(Да)

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување е поради тоа што заклучно со 28.11. на група инвалиди на трудот кои работеа во претпријатијата што беа третирани со специјалниот закон за загубари и имаа стимулација од 20% зголемување на примањата, тие сега престануваат.

Меѓутоа, во разговор со Министерството дека има потреба од допрецизирање на овој закон, јас го повлекувам од оваа седница, што назначи дека не треба брзо да се реагира затоа што од 28 август па натаму овие луѓе висат и мораат да најдат некако свое место , да бидат третирани со закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зеќир Кадриу.

III/4

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, г-дине претседателе, Излегов накратко на говорница само да укажам за некои сериозни работи кои се однесуваат во врска со некои предлози од страна на некои пратеници односно...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас ви дадов збор ако имате да предложите дополнување на дневниот ред.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Нормално.

Зборот ми е, бидејќи еден од пратениците тука се изјаснуваше дека предлогот на Контакт групата што навистина беше еден став од најкомпетентни органи и бидејќи се работеше за ситуацијата во непос- редното соседство, во Косово, мислам дека ова Собрание, не би било лошо да преземе еден став, ако не денеска , ако не е компетенција на овој Парламент, тоа нека е компетенција на Владата на РМ, да се приклучи кон контакт - групата и нивните ставови во врска со сегашната состојба и ситуацијата во Косово. Поради тоа мислам дека и од хумана причина ова Собрание треба да се изјасни односно да се приклучи кон ставовите на таа Контакт - група. Веројатно ова само ќе му го зголеми авторитетот на ова Собрание и на Владата на РМ во знак на солидарност на нашите односно соседи, односно состојбата што се однесува во Космет. Поради тоа предлагам да се има предвид или да се стави на дневен ред, ако не денес тогаш на една наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, бидејќи за тоа гласавме .

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

III/5

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ова мое прашање е повеќе процедурално отколку врзано за дневниот ред, но е и за дневниот ред.

Всушност, јас имам обврска и сакав да предложам конкретна декларација денес во врска со настаните во Косово, бидејќи за тоа и бев задолжен од Собирот за работни луѓе во мојот електорат, во месната заедница од с. Пирок. Меѓутоа декларацијата требаше да биде со таква дикција и таква содржина што ќе беше во состојба да помине во Собранието и таква содржина имаше таа декларација. Потоа дојдоа, како што рекоа колегите сега Зеќири и порано Исмет Рамадани дека ставовите на Контакт - групата ги апсорбираат главните точки на оние делови на декларацијата што сакав да ја предложам. Затоа бидејќи, мислам дека Владата ја поддржа таа декларација, а верувам и Собранието тоа го дели како мислеше , се повлеков од тоа да предложам декларација. Но, мислам дека имаат право пратениците па и сите други наши колеги овде дека ние и натаму како граѓани и како парламентарци ја делиме грижата за судбината на невините луѓе на Косово а и за судбината на мирот и за безбедноста на овој регион. На тоа поле треба ова Собрание и натаму да работи, а верувам тоа ќе го прави, а сигурно и Владата

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Имам предлог за дополнување на една точка и за измена или иземање на една точка од денешниот дневен ред.

Првото е предлог за дополнување на дневниот ред, незнам таму 51-та точка, како последна точка од дневниот ред, да биде - информација за

спроведување на Спогодбата за одржување и обележување на граничната линија и граничните ознаки на Македонско - Албанската државна граница со посебен осврт, објаснување за обележување на ознаките на граничните камења. Ова се состои во следното:

Мислам дека таа информација повеќе треба да ни биде објас- нување на нас пратениците а и на пошироката јавност за следното.

На 11 февруари ова Собрание донесе закон за верификација на спогодбата помеѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржу- вање, обновување и обележување на граничната линија и граничните оз- наки на македонско - албанската државна граница, објавена во "Службен весник на РМ" бр. 9/98.

Спогодбата која што е потпишана и која што оваа Собрание ја ратификува, сметам дека има или една нејаснотија или пак недореченост. Со оглед на тоа што Собранието на РМ неможе да изменува веќе потпишана спогодба, може само да ја ратификува или нератификува, сметам дека Владата на РМ треба да објасни и на Парламентот и на пошироката јавност за следните работи.

Во самата спогодба се нацртани и обележани како ќе изгледаат граничните камења на државната граница меѓу Албанија и РМ.

На камењата од страна на Албанија ќе стои ознака со име на државата и грб на државата.

На камењата од македонска страна, од страната на РМ се нацртани габаритите на камењата, но не е нацртано и не стои дали ќе стои кое е име на Република Македонија и каква ознака за РМ и дали ќе стои грб на РМ.

Сметам дека ова внесува забуна, со оглед на тоа што по оваа спогодба треба да се отпочне со одбележувањето на граничните камења. Треба да се отпочне со оцртувањето, односно обновувањето на

постоечките камења, прашање е сега каква спогодба е потпишана со Република Албанија.

III/7

Морам да кажам дека ние со воодушевување, сите како пратеници како граѓани прифативме се поголемиот замав на подобрување на односите со Република Албанија и Република Македонија, што води кон едно позитивистичко однесување кон позитивно разрешување на голем број проблеми и сметам дека таквата практика треба да продолжи. Но, ова што е објавено и што е направено со конечните цртежи, сметам дека треба да и се објасни на македонската јавност пред отпочнувањето а одбележување на границата помеѓу Република Македонија и Република банија.

Затоа, сметам, како последна точка, со оглед на тоа што не се работи на изготвување на некоја информација како посебна точка на овој дневен ред, може да биде како дополнување.

Втора работа, очекував од г-динот Стојановски кој е подносител на 11-тата точка, тоа е законот за обесштетувањето на штедачите на ТАТ дека на денешната седница ќе го повлече овој закон, со оглед тоа што според мое лично мислење и мислење на штедачките организации Битола, дека овој закон без измени што се предложени од Здружението на штедачите оди на штета на штедачите. Имено и потпишан е протокол помеѓу г-динот Стојановски и здруженијата на штедачи од Битола дека се потребни одредени измени во предложениот закон. До почетокот на седницата такви предлози и измени на постоечкиот закон од г-динот Стојановски нема до пратениците. Сметам, се додека не се усогласат некои барања на здруженијата на штедачите, овој закон кој , би рекол, по мое мислење оди на штета на штедачите и без вградени измени, предлагам да не се разгледува на денешната седница, туку во разговори со здруженијата да се постави на

наредна седница со измените што ги предлагаат штедачките здруженија.

**ТIТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со првиот предлог го молам претставникот на владата да се произнесе, а тоа е информација за спроведување на спогодбата за одбе-

III/8

лежување на граничната линија меѓу Република Македонија и Република Албанија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

И самиот пратеник кажа дека законот за ратификација е скоро донесен. Спогодбата влегува во сила со носење на Законот за ратификација на спогодбата.

Мислам дека Владата може да даде одговор на ова барање преку формата на пратеничко прашање. Во тој случај би се задоволиле сите елементи кои пред себе ги постави како барање за запознавање на јавноста, самиот пратеник. Значи предлагаме тоа да биде преку форма на пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Најдовски го прифаќа одговорот на претставникот на Владата.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Прво, како пратеник доволно го знам Деловникот и знам кои прашања се за пратенички прашања, кои работи се за информација на Собранието. Го почитувам мислењето на потпретседателот на Владата на РМ но би замолил, барем кога се однесува по однос на оние прашања што јас ги поставувам,

да се третираат така како што јас ги поставувам. Ако барам информација, барам информација. Ако барам одговор на пратеничко прашање, ќе барам одговор на пратеничко прашање.

Втора работа, ова Собрание некаде од декември, што не е проблем можеби само на Владата, од декември немало можност да поставува пратенички прашања.

Јас сметам дека проблемот е прилично сериозен и дека за овој проблем треба да расправа и Собранието на РМ. Се работи за следното:

III/9

Дали РМ ќе дозволи граничните камења од страната на Република Македонија да останат без никаков натпис. Не се работи за одговор дали Слободан Најдовски како пратеник ќе биде задоволен од одговорот на прашањето или нема да биде задоволен, туку се работи за едно суштинско прашање, дали ние ќе оставиме граничните камења од наша страна да бидат безлични, бидејќи тие што се занимаваат со овие проблеми велат, ако е бела површина во картите и на други ознаки, значело не постоење на територија. Сега, реков, проблемот е прилично сериозен и сметам, Владата ако не друго, барем ова Собрание да го информира и да му дообјасни за каков суштински проблем се работи. Затоа сметам дека не се работи за пратеничко прашање. Останува и натаму на тоа дека пратениците и јавноста треба да бидат информирани за оваа пробле- матика.

IV/1 ПЈ/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, пратениците имаат право да бараат информации. Тоа деловнички не е спорно и еве јас предлогот на г-динот Најдовски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

По однос на вториот предлог на г-динот Најдовски предлагачот на законот сака да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мене ме зачудува односот некој од вас како пратеници бара предлагач на закон да повлече закон. Ќе дојде денешната точка на дневен ред, јас ќе се произнесам како предлагач, денеска е дури стигнато мислењето на Владата и мислам дека нема потреба

некој мене да ми сугерира што треба да направам. Мислам, прво, дека тоа не е коректно такво нешто да се бара, затоа што дневниот ред е усвоен меѓутоа јас како предлагач и за да повлечам точка, ќе чекам да си дојде таа точка на дневен ред и да се произнесам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Сепак, предлогот на г-динот Најдовски односно Вие г-дине Најдовски рековте дека очекувате предлагачот на законот да го повлече. Бидејќи не го направи тоа предложивте точката да се симне од дневниот ред. Денес јас тој ваш предлог го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на г-динот Најдовски, молам да крене рака.

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

IV/2.-

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред (нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам, да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против

Молам, кој се воздржува од гласање?

6 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Би сакал во врска со пратеничките прашања не само што ги предложи г-динот Најдовски, јас сакав да ви предложам на крајот од седницата по исцрпувањето на дневниот ред да имаме поставување на пратенички прашања или алтернатива, бидејќи добив одговор од Влада- та идната недела да немаме седница, се надевам дека денеска и утре оваа седница ќе ја завршиме идната недела еден цел ден на пратеничките прашања.

Дали се согласувате со предлогот идната недела да го посветиме на пратеничките прашања.

Г-динот Видимче бара процедурално.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници во делот на моето процедурално обраќање сакав да го запрашам г-динот претседател зошто последните три недели немаше седница Собранието и дали требаше да дозволиме оваа седница да има 51 точка. Очигледно, во нечија улога е ставен и парламентот. Второ, во делот на пратеничките прашања кои перманентно ние како пратеничка група се обидуваме да ги наметнеме, да ги имаме како точки на дневен ред, само да потсетам во текот на минатата

IV/3.-

година на 4 седници имаше пратенички прашања од кои ниедната не ја ни завршивме од декември. И оваа варијанта или размислување на г-динот претседател пратеничките прашања да заминат како точка на дневен ред на крајот од седницата е апсолутно неостварливо, затоа што секогаш знаеме дека на крајот на седницата е термински неопределен, односно никогаш не знаеме кога ќе завршиме и немаме шанса г-дата министри од Владата да ги известиме да бидат тука присутни.

Би предложил и инсистирам од г-динот претседател да воспостави принцип, да закажува барем еднаш месечно седница исклучиво намнета за пратенички прашања и така сите заедно ќе бидеме спремни да дискутираме по таа проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, немам причина, ова беше укажување, ако е пратеничко прашање упатено до мене зошто немавме седница знаете сами имавме намера да закажеме една седница посветена исклучиво на пратеничките прашања. Добив одговор од Владата дека многу министри се отсутни од Републиката и беше депласирано, а инсистиравте да закажувам седница, инсистиравте на вашите прашања да одговараат министрите а не замениците. Тоа беше основната причина. Имаше и локални избори и парламентарни, што не е добро да имаме седница на Собранието, бидејќи многу го користите за маркетинг.

Деловничка интервенција на г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас би сакал само да кажам дека ние како пратеници во однос на пратеничките прашања подолго време добиваме одговори, но не од Владата, туку од портпаролот на Владата. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И тој мора да си го одработи лебот.

Ве молам, се договоривме дека идната недела ќе имаме седница посветена само на пратеничките прашања.

IV/4.-

Минуваме на точка 1

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

86 пратеници во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија поднесоа предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија

Предлогот на пратениците, мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Дали некој во името на уставната комисија ќе поднесе образложение ќе поднесе предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. (Не).

Тогаш отворам претрес по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи мојата демократска партија на Албанците односно мојата парламентарна група, како што е санкционирано во членот 130 од Уставот на РМ, нема најмалку 30 пратеници односно се бара прилично големо ангажирање за потписи на 150 илјади граѓани најмалку, за да се предлага пристапување кон измена на Уставот на РМ, а истото не би го направил претседателот на Републиката, ниту Владата за нас. Гледано од нашиот правен аспект односно агол односно од наша гледна точка за виталните интереси на албанците и на другите национални колективитети кои живеат во РМ, вклучувајќи ги тука и Македонците оваа иницијатива, односно овој предлог, за пристапување кон изменување на Уставот на РМ, е од една страна добредојдена и ќе ни служи само како поттикнување односно повод

IV/5.-

не за вакво неоправдано, неумесно и непотребно изменување, туку за фундаментално, темелно, основно, егзистенцијално, витално и приоритетно изменување, за кое ќе стане збор после расправата околу ова што ни се предлага односно наметнува. Имено, во иницијативата на Врховниот суд на РМ, под 03 број 94-98 година од 3.03.1998 година, за измена на членот 12, став 5 од Уставот на РМ, од се 120 пратеници на Собранието на РМ, 85 од нив, денеска слушам 86 од нив и тоа на 18.02.1998 година 23 од се 25 пратеници на ЛДП, на 19.02.1998 година од се 61 пратеник на СДС, 42 пратеници, те истиот ден тројца пратеници од три поедини минормни и двајца независни пратеници. На 20.02.1998 година, од се 7 пратеници, 5 пратеници на Социјалистичката партија, на 23.02.1998 година, од се 11 пратеници, 7 пратеници на Партијата за демократски просперитет и еден на една друга исто така минормна партија, т.е. на 24.02.1998 година, уште еден, од слична минормна партија се потпишува и сите заедно во така во однос на образецот, значи потпишани се во еден формулар односно во вид на образец единствен ист текст предлог за пристапување кон измена на член 12 став 5 од Уставот на Република Македонија. Заедно со текстот на нацртот на амандманот член 3 на У ставот на РМ, со Предлог да бидат ставени на дневен ред на една од наредните седници на Собранието на РМ, ете сега, ни се предлага на оваа 86 седница како прва, односно втора точка од дневникот ред. Како што се гледа тој формуларен попратен текст во вид на образец односно единствен ист текст не и е доставен за потпис единствено на мојата партија односно на мојата парламентарна група на мојата Демократска партија на Албанците, било како де факто обединето било де јуре растурена како партија за демократски просперитет на Албанците и Народната демократска

партија, во овој случај се е исто. Тука веднаш се поставува првото прашање зошто тоа не е направено, не е на време, а мене не ми е доставено барем до денеска.

IV/6.-

Исто така, тоа не е битно и ако целите се знаат односно се претпоставуваат, меѓутоа, овие седум пратеници заедно со мене и без да им се нуди такво пропратно писмо имале и уште имаат време тоа да го направат, нормално, ако сакаат се до окончувањето на расправата по оваа точка односно по овие две точки. Да им беше нудел на време, најверојатно на сите, додека јас лично во името на мојот електорат, на сите Албанци на заедничката општина Кичево мислам дека го делам и мислењето на најмалку 90% на албанците и не само нив, од цела Република Македонија и пошироко, бидејќи е покрената ваква иницијатива и поднесен ваков предлог за пристапување кон изменување на Уставот на РМ, на чело би се потпишал и јас. Меѓутоа, не и на Нацртот на амандманот 3 на Уставот на РМ. Соодветно со највиталните потреби на албанците кои се косат и со другите национални колективитети кои живеат во РМ, вклучувајќи ги тука и македонците. Па, да почнеме од почеток.

Во познато научно историско публицистичко и литературно дело на големиот хуманист од средниот век на латински јазик Мадин Балети за албанскиот и меѓународниот легендарен јунак и херој Скендербег врз основа на кој се напишани над 2000 книги на сите жанрови на повеќе од 100 јазици се вели и ова: (зборува на албански јазик) што во превод и на македонски јазик би било: "Еден војсководител, кој не е во состојба да ја добие војната со осум до 12 илјади војници, тоа тој не може да го направи ни со многу поголеми сили". И навистина за цело време

на полн четврт век Скендербек сам победил со една мала војска на една далеку поголема и понаоружана од 50 до 200 илјади војници, а како што беше војската на турската империја и турските цареви. Ова повторно ако може да се споредува и да се менува тоа што може да се менува важи и за предметната дебата околу измената на членот 12, став 5 од Уставот на РМ. Имено, еден суд, дури и кога се работи за решавање и разрешување на предмети и на три судски инстанции т.е. од надлежноста на Основниот,

IV/7.-

Апелациониот и Врховниот суд на РМ, и кога се работи за најтешки, најголеми и најкомплицирани предмети, ако не може да го заврши до правосилната пресуда до три месеци, а тоа значи приближно, сразмерно по еден месец во секоја инстанца кога има три, ако не работат ажурно, ефективно, сигурно, самостојно, стручно итн., тој истиот предмет не може да го заврши не само за шест месеци, туку ни за 13, 16 или пак и три години. Да теоретизираме од научно правна гледна точка за поткрепа на ова, можеме колку сакаме, меѓутоа, само еден конкретен пример во бившиот окружен суд, сега апелационен суд - Скопје, имаме кривичен предмет кривичен број 162769, во кој на обвинетиот му се натовараше непостоечка кривично дело по членот 118, став 1, од бившиот кривичен законик на СФРЈ, непријателска пропаганда, а како корпус деликти, честитки за нова година, во кои се критикувале 5 до 6 неодредени лица од албанска и македонска национална припадност дека се занимавал со корупција и други недозволени и незаконски дејанија. Само за да не се авансира во органите на власта обвинетиот бил изолиран, лишен од слобода и задржан во истражен затвор не само до максимумот предвиден

нормативно до шест односно до 9 месеци, туку токму 11,5 месеци неосудуван кога беа препорачани сите дозволени граници и тоа се брани од слобода, со вкупно 15 судски претреси од 19 дена, од кои едниот траеше полно пет дена со еден единствен обвинет и од денот на притворот на 14.03.1969 година, тек со првостепена пресуда е осуден на 24.02.1972 година со минималната казна од една година, бидејќи и така немаше елементи на кривично дело. Само и само некако да се оправдува под наводници дрското лишување од слобода со 45 вооружени џандари со најмодерно оружје до заби, за да не се надоместат изгубените лични природи, па и можни човекови животи, т.е. да се елиминира од политичката сцена.

IV/8.-

Како што се знае сега веќе од нашето кривично правно законодавство е изоставен вербалниот деликт, иако за жал од поедини судови, судски совети и поединци со притисоци од страна уште се манипулира истото во врска со други и слични членови кои санкционираат слични, но не исти дејанија. Меѓутоа, затоа во некоја друга прилика и сега што, таксативно е санкционирано во самата иницијатива на Врховниот суд. Притворот може да трае по одлука на суд подолго од 19 дена од денот на притворувањето. Кога е тоа наведено така земени се предвид и водени се историско правни расправи од Европската, светската и внатрешната потреба, т.е. судската практика како и меѓународните правни конвенции и норми, па потоа е донесен и заклучок дека овој оптимален рок на притворот е неоправдан, пооправдан,

пообјективен, посоодветен и похуман како што беше досега во Уставот. Сметам дека таков ќе биде и понатаму.

Врховниот суд на РМ, "имајќи ги предвид критичните забелешки на судовите, на стручната и на пошироката јавност, поврзани со примената на уставната и законската одредба за притворот и проблемите во врска со кривично правната заштита и нормалното вршење и спроведување на судската постапка, цитатот, одлучи да ја покрена оваа иницијатива за да се обезбеди цитирам: "Уставно правна можност за одржување на притворот подолго од 19 дена".

V/1.- РД/ЉР

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Иако оваа иницијатива доаѓа од нависоката судска инстанца на Република Македонија, како што е уважниот суд на РМ иако има забелешки од страна на поедини судови и судии од пониските инстанци, оваа иницијатива, како и предлогот на 85 сега 86 пратеници на Собранието на РМ не е оправдана, не е на место и не стои.

Се поставува првото прашање каде беше стручната јавност пред и за време на донесувањето на Уставот од 1991 година. Додека, што се однесува до поширокатa јавност, ќе се види ако се организира, а така ќе биде дискусијата без наметнување тек после нејзиното објавување кој ќе гарантира дека ќе се спроведува нормално кривично правната заштита и судската постапка, како што вели Врховниот суд, ако се продолжи притворот до овие нелогични, апсурдни и неодредени граници на крајот и пролонгирања како што се иницира, односно предлага сега и од група пратеници.

Обезбедувањето на ефикасна и соодветна кривична правна заштита и безбедност на граѓаните на оштетените и на жртвите, како и на општествената заедница во целина, како и на обвинетите во кривичната постапка, не се обезбедува со претерано и неодредено продолжување на притворот, туку со ажурност, ефикасност, стручност, објективност, нормално од оптоварување на оние кои ја спроведуваат постапката, па ако треба и со зголемување на нивниот број. Нормално ќе биде на соодветен начин и предметите кои треба да ги окончаат сите судови. За да бидат апсурдноста уште поголема, како иницијативата исто така и дословниот препис на Нацртот на амандманот III на Уставот на РМ, предвидуваат три врсти, односно аршини на време траењето на притворот.

V/2.-

Прво, со поднесуваше на обвинението, по одлука на Суд до 6 месеци, за кривични дела за кои се пропишува казна затвор до 5 години, но во зависност кога ќе се поднесе обвинението,

притворот може да трае подолго, отколку што може да се осуди обвинетиот, дури и до страна на првостепениот суд.

Второ, со поднесувањето на обвинението, по одлука на Врховниот суд на РМ за предвидена казна затвор од над 5 години, може да биде продолжена за уште 6 месеци, што ептен претерано и

Трето, во однос на тоа што беше досега, за казна доживотен затвор, правосилноста на Одлуката на Судот, до првосилноста на судот е не само неодредено, и неограничено, туку и не одговорно неетнички, односно не нормално, крајно нехумано и би рекол, скандалозно. Истите и предложените алтернативи, посебно со првите две варијанти, додека само третата е некако исклучена. Оваа Иницијатива, односно Предлогот речено накратко не се идентификува ниту со предлогот, ниту со предложеното образложение, со обидот на некаква компарација со бившите важечки сојузни, односно републички закони од оваа сфера со кои со ова се враќаме назад, туку се уште порестриктивни, понехумани, по мизетропски, со невидена омраза кон притворениците што не го дозволува казнено и процесно казнената наука, дури и од најстарите времиња.

Ова пролонгирање на притворот не може да се оправда ниту со таканаречените потреби и искуства на досегашната судска практика. Не држи ни тоа дека цитирам, на обвинетите мора да им се обезбеди добро да се подготват за одбрана, добро да се бранат и евентуално да се одбранат, крај на цитатот.

Затоа им е потребно време, за да ангажираат бранител да обезбедат од своја страна докази, крајна цитатот итн. Ниту тоа дека обвинетите можат да се разболат, да се повредат, психички да се растројат итн., итн. Бидејќи при такви случаи времетраењето г-да е неодредено и нема никаква логика. За ова постојат други правни институции и не може да се продолжи притворот затоа што ќе помине и последниот рок од 6, односно 12 месеци, додека причините и понатаму ќе постојат. Иницијативата, односно предлогот се обидува затоа, меѓутоа исто така неуспешно да се заснова наводно на Европската конвенција за човековите права од 4 ноември 1950 година, односно со универзалната декларација за човекови права, како и со Меѓународниот Факт за граѓанските и политичките права и Американската конвенција за човекови права и Африканската Повелба за човекови права итн., со кој како што со самиот актуелен Устав на РМ член 12 став 1, 2 и 6 напротив доаѓа во контрадикторност, односно колизија, дека цитирам, никој нема да биде лишен од слобода, член 5 став 1 од Конвенцијата, слободата на човекот е неприкосновена, член 12, став 1 од Уставот на РМ. Судење во разумен рок или пуштање на слобода, до заклучувањето на постапката, член 5 став 3 од Конвенцијата, понатаму, исто така многу кратко од научна правна гледна точка, за жал не држи ниту компарацијата со некој конкретни држави во кој притворот трае 6 ме- седи, Сојузна Република Германија и Швајцарија итн., бидејќи тие живеат во сосема други прилики и услови со децениска, па и вековно демократски принципи на правни држави, со стабилни правни системи, со висока развиена свест на странките и не е злоупотреба на правото. Кај нас

знаеме каков е случајот. За жал, кај нас за тоа не може ни да се зборува, нашите правници, посебно најстручните и најквалификуваните на Врховниот суд на РМ, не се толку неуки и лаици.

V/4.-

Меѓутоа, со оваа Иницијатива и предлог правото нема никаква врска, туку се помешала не знам по кој пат политиката и партиските мајоризирања и наметнувања за конкретни скриени цели и злонамерни, како повод некој конкретен случај и тоа не е се што се претпостави, па дури ако треба и именува. Разумниот рок од конвенцијата, конкретните околности од Конвенцијата, и релевантните елементи како што се реалното траење на притворот, во однос на природата на кривичното дело, па казната, материјалните моралните и другите последици врз притвореното лице, однесувањето на обвинетиот, начинот на кој била спроведена истражната постапка и однесувањето на надлежните судски власти, исто така не се еднакви во поедини земји во некои како и кај нас постои голема опасност од злоупотреба на доследно применување на законските прописи, поради многубројни причини.

Бидејќи пратениците Албанци од минатиот состав на Собранието на РМ, после бурните дискусии ги гледав сите стенограми 6 - 7 книги, за едно 5 - 6 седници, и недоследности не гласале 23 од нив колку беа во Обединетата заедничка партија и за демократски просперитет и Народната демократска партија не гласале при донесувањето на Уставот на РМ, од 17 ноември

1991 година, бидејќи беше многу порестриктивен и како што изјавија сите едногласно цитирам од стенограмите, во однос на Уставот од 1994 година, крај на цитатот.

Овој Предлог на Устав, цитирам понатаму, прави чекор назад, така изјавија тогашните пратеници Албанци. Стенографски белешки од 25-та седница на Собранието на РМ од 9.11.1991 година страница 59 од стенографските белешки. И да претставуваше чекор напред овој денешен предлог, немаше логика да се гласа, а камоли кога е во прашање уште порестриктивен параграф, па затоа верувам нема ни смисла да го

V/5.-

прифаќаат и пратениците Албанци сите до еден и до овој состав, ќе биде контрадикција, без оглед на сегашно одвоена партиска припадност. Мојот став, како и ставот на мојата пратеничка група веќе се знае, меѓутоа, кога веќе се исполнети уставните услови и кога е поднесен предлог за пристапување кон изменување на Уставот на РМ јас ја користам приликата за која се залагам, не сам,о сите албанци кои живеат во РМ, туку и сите нивни политички репрезенти во и вон Парламентот не дозволиви со голем број членови на Уставот на Република Македонија, за кого и не гласале при донесувањето да ги изнесам нашите ставови само за некои до правните норми на овој Устав, со кој Албанците посебно не се задоволни , и тоа веќе се знае, кон Предлогот при оваа прилика да се изменат или дополнат. Имено, почнувајќи од преамбулата на актуелниот Устав на РМ, која е за албанците е крајно дискриминаторска во однос на Уставот од 1974 година која нив ги деградира од народност во националност, од

конститутивен елемент на државотворен на граѓани до II ред, па се до последните до поедините поглавја и членови од овој Устав. Посебно и во прв ред дискриминаторски е членот 7 став 1 од Уставот на РМ. Бидејќи за овој член имаме поднесено текст на Нацрт на Амандманот и ќе биде поопширен збор за време на јавната дискусија што ќе требаше, да беше прифатено, а тоа ќе се објави при расправата околу предлогот за изменување на Уставот на РМ и амандманската расправа по овој повод треба да се повлекува Нацртот дека овој член после овој став еден од главните генератори на сегашната, а посебно на идната криза во РМ кои не сака напред да оди по пат на Швајцарија, Белгија итн. каде се рамноправни 4 односно 2 јазика и со многу помалку национални колективитети отколку што е албанскиот во Македонија.

V/6.-

Кога сме кај овој член, само ставот 1 се потпира злонамерно, тенденциозно, лаички и шпекулативно дека со ставовите 2 и 3 се манипулира се толкуваат погрешно, односно не се толкуваат. Помеѓу другите, дефектот стои и за тоа дека овој Парламент уште нема донесено закон за рамноправна употреба на јазиците за кој токму ги обврзува и став 2 и 3 од членот 7 од Уставот на РМ.

Понатаму, едно од најчувствителните и витални прашања за Албанците во РМ е употребата на националното знаме на албанците односно интонирањето на Националната химна на

албанците, а не на друга држава, како што се зборува денеска за жал. Првиот дел на ова прашање на многу лош и рестриктивен начин се обидуваше да се реши со донесувањето на Законот за употребата на знамињата на националностите со сите познати попратни последици, додека за другиот дел тоа е направено уште ден денеска иако употребата на првото и интонирањето на другата се не само поврзани, туку и неодвоени и неразделиви национални симболи на албанците. Меѓу многубројните недостатоци дефекти, нелогичности и дискриминаторски елементи кои ги има актуелниот Устав на РМ, посебно на релацијата со Албанците, е и околу тригодишното пролонгирање и наднесување на Законот за високото образование , од кого најмногу штета има Универзитетот во Тетово. посебно што се однесува до неговото финансирање од заедничките финансиски средства на Републичкиот буџет. Иако оваа година дипломира правата генерација на студенти на овој наш најмлад и многу јак и кадровски и технички опремен Универзитет од Европско и светско ниво. За почетен излез и од овој ќор-сокак исто така поднесовме еден текст на амандман за кој исто така ќе се води јавна дискусија барем преку медиумите.

V/7.-

И на крајот да не се јавувам повторно, за дискусија околу утврдувањето на нацртот на амандманот, се надевам дека на крајот овој законодавен дом ќе преовлада разумот, рационалноста толеранцијата, совеста итн. и некои работи ќе стартуваат кон реалноста, кон вистината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Како што знаете за донесувањето на одлука за пристапување кон измена на Уставот е потребно двотретинско мнозинство од составот на Собранието. Ние тоа го немаме.

Објавувам пауза до 13,00 часот.

VI/1.- НН-ВБ

(По пауза,седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, предлагам да поминеме на третата точка додека да се создадат услови за гласање по првата и втората точка. Како што ви е познато треба две третини од пратениците да бидат присутни, тоа значи 81 пратеник, а сега во салата имаме 73 пратеника.

Ова е навистина непријатно и невистинито бидејќи 86 пратеници ја потпишаа иницијативата.

Минуваме на точката 3: Предлог на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во меѓувреме ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 407 став 1 за бришење на точка 12 ,13,14 и 15 и на член 408 став 1 за додавање четири нови точки по точката 2 по кој Владата не се произнела

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 301 за додавање два нови става по став 3 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 226 став 2,член 365 став 1, член 378, член 395, член 398 став 1 точка 1,2,4,12, член 399 став 1, точка 10 и 43, член 401 став 1, член 402 став 1, член 403, точка 26, член 404 став 1 точка 52, член 405 став 1 точка 1,14,37 и 44, член 406 став 1 точка 31, 41 и 42, член 407 став 1 точка 22,35,36 и 41 и за

менување на член 421 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 396 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 3 6 за бришење на став 2, за додавање нов член 38-а, за додавање нов член 40-а, член 405 став 1 за додавање нова точка 25 и на член 407 став 1 за бришење на точка 21 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски и Владимир Соколовски поднесоа амандмани на член 268 за менување на став 1 и на член 382 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 268 за менување на став 1, член 374 за менување на став 1 и на член 407 за додавање нов став 4 по став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали поднесоа амандман на член 241 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 257 за додавање нов став 3 по став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЉО ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата амандманот не го прифаќа.

Бараната измена за бришење на исклучокот од основното решение не е прифатлива од причина што ако градежните и сообраќајно- техничките елементи во населените места се со такво ниво на квалитет и ги елиминираат ризиците од поголема брзина во движењето нема потреба да се ограничува.

VI/3.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најнапред да го објаснам амандманот. Неговата суштина се состои во тоа во подглавјата што ги регулира прашањата во врска со брзината на моторните возила во сообраќајот во членот 36 стои дека на пат во на- селени места се ограничува брзината на 60 километри на час.

Мислам дека таа максимална брзина од 60 км на час е на- вистина една максимална рамка до која и законски треба да се дозволи на пат во населени места да се врши движење на возилата со една таква брзина. Ставот 2, за кој јас предлагам со амандманот да се брише, врши исклучок, ако дозволуваат особеностите на патот да може во населени места да се дозволува и поголема брзина од 60 км. на час Сето тоа, што е и цел на амандманот е во функција на тие максимални 60 км. на час без дозволување на исклучок, што предлагам јас да се брише да се гарантира една поголема безбедност на сообраќајот посебно за пешаците во населени места.

Барам да бидам поддржан во гласањето на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 38-а поднесен до пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉО ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата амандманот не го прифаќа од причини што елементите на патот не се предмет на регулирање на овој закон, туку на законот за јавни патишта.

VI/4.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Морам веднаш да кажам дека ова образложение со такви аргументи нема врска бидејќи ако во законот за јавни патишта не се регулирани елементите на патот што можат да се вградат, тогаш во интерес на безбедноста ако веќе донесуваме таков закон, за безбедност во сообраќајот, нормално е да се предвиди една вакво решение.

Имено, тоа се однесува за следното: голем е бројот на реагирање на граѓаните, сигурно и во општините од каде што и сите ние како пратеници доаѓаме, па во интерес за регулирање односно со физички елементи таканаречени лежечки полицајци природно да се наведат сопствениците кои управуваат со различните видови на моторни возила да ја намалат брзината. Тоа најмногу се однесува за патишта кои што гравитираат со својата густина на сообраќај и со опасности на безбедност сообраќај во школи, детски градинки и на сите други јавни институции каде што има поголема фреквенција на комуникација на граѓанство, посебно на деца. Амандманот предвидува една можност, можност во населени места по оценка на надлежниот орган, тоа е орган со овој закон надлежен за сообраќајот, кој ќе ја цени густината на сообраќај, фреквентноста на возилата во сообраќајот и аспектите за гарантирање на безбедноста на тој сообраќај да може да дозволува, да одобрува на одредени такви

патни комуникации се постават тие народно кажани лежечки полицајци, кои на присилен начин, со самото тоа како физички елементи ан патот би придонеле за намалување на брзината, а со тоа и една голема гаранција за избегнување на многу честите сообраќајни незгоди, на пешаците, и посебно на категоријата пешаци -деца. Се работи за детски градинки, школи и за сите други јавни објекти каде што имаме поголемо собирање и комуникација на граѓани, посебно деца.

Во таа насока ве повикувам да го поддржиме овој амандман во интерес на вкупната безбедност во сообраќајот, а посебно во населените места каде што имаме поголема комуникација во услови на зголемен сообраќај, фреквентност на пешаци, пред се на деца.

VI/5.-

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван Претседателе, почитувани пратеници.

Јас во целост го подржувам амандманот на господинот Панчо Минов, бидејќи доколку го изгласате овој амандман, бидејќи сите потекнувате од одредени средини, а како што беше кажано вие го знаете барањето на граѓаните, а тоа е зголемување на безбедноста на сообраќајот, а тоа е во населените места кои беа спомнати(школите, градинките,места каде масовно се движат деца),и самите тие физички препреки ќе ги натераат возачите да возат многу попретпазливо односно повнимателно и со помала брзина, бидејќи во тие случаи забраната со сообраќајниот знак не е доволно ефикасна. Оттаму ве повикувам да гласате на овој амандман со што ќе придонесете многу за безбедност на сообраќајот особено за безбедноста на децата, бидејќи пред се така- наречените лежечки полицајци би требало да се стават пред градинките, училиштата итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (27 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 40-а поднесен до пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉО ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од причини што начинот на регулирањето на сообраќајот на раскрсницата, видот и структурата на сигнализацијата произлегува од соодветна обработка, со елаборат за секоја раскрсница посебно и не може да биде општо правило за секоја раскрсница.

VI/6.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Овој амандман исто така е во функција на уредување на односите во безбедноста на сообраќајот кои значат на раскрсница по правило да се поставaт светлосни сигнали односно семафори што би било исто така предмет на оценување како што кажа претставникот на Владата.

Бидејќи ценам дека овој амандман е во корелација и со претходните амандмани во функција на безбедност во сообраќајот, а нема разбирање пред се од предлагачот на законот и од парламентарност мнозинство и истиот го повлекувам.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 241 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЉО ГАЈТАНОВСКИ**:

Владата овој амандман не го прифаќа од причини што не е предмет на регулирање на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Молам кој друг бара збор.

Има збор Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ**:

Амандманите се поврзани еден со друг, мислам на амандманот на член 241 и член 257. Имено се работи за амандмани со кои што предлагаме оспособување на кандидатите за возачи на моторни возила и возачки испити да се овозможи да се полага и на јазикот на националностите доколку во автошколите постои доволно барање за организирање на таква обука односно да се овозможи полагање на возачките испити за кандидати кои што поднесуваат такво барање.

VI/7.-

Сметам дека со ова ќе се овозможи кандидатите посоодветно да се оспособуваат, да им се олесни полагањето ан возачките испити на тој начин да се подигне нивото на нивното образование, културно - техничко образование и нивното безбедно вклучување во сообраќајот.

Ваквата практика не е нешто ново што произлегува од рамките на тоа што значи потреба на една држава за водење грижа за безбедноста на еден сегмент,во овој случај за одвивање

на сообраќајот на патиштата, ваква пракса постои и во држави каде што граѓани престојуваат и привремено. Имаме информации дека дури и на оние кои што за неколку месеци престојуваат таму, или неколку години, или привремено им се овозможува полагање на возачките испити на својот јазик се со цел тие кандидати да се оспособат соодветно и да не претставуваат опасност по другите кои што се вклучени во сообраќајот. Поради тоа апелирам да се прифатат овие два амандмана и со тоа да се подобри безбедноста на сообраќајот што претпоставувам дека е и цел на овој закон.

VII/1.-CJ/OM

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата и останати, почитуван претседателе на Собранието,

Излегов на говорница да го поддржам амандманот и да кажам неколку зборови во врска со поднесениот амандман. Мислам дека станува збор за едно прашање кое што, според мене, а мислам дека го делам мислењето со повеќе од Вас тука, станува збор за едно многу битно прашање, прашањето на безбедноста во сообраќајот е битно прашање бидејќи тоа ги задира поголемиот дел на оние кои што учествуваат во сообраќајот или кои што сосема случајно ќе се најдат во сообраќајот, иако не се директни учесници.

Мислам дека познавањето на прописите од областа на безбедноста на сообраќајот преставува интерес од големо значење за сите граѓани на Републиката, па и пошироко. Од тој аспект мислам дека воведувањето на полагање на испит на јазикот на националноста не ќе претставува никаков потежок проблем бидејќи станува збор за одредено остварување на правото на полагање на испит на јазикот на националноста. Мислам дека тоа е многу битно прашање , не само од аспект на тоа дека ќе стане збор, еве сега некој може да злоупотреби, па ќе стане збор дека ние еве сега го воведуваме албанскиот односно некои од другите јазици како службен јазик. Не треба така да ги гледа- ме работите, туку треба малку по исправно.

Ова го велам од причина што оние кои што недоволно го познаваат јазикот, не само македонскиот туку и друг јазик кога недоволно

го познаваш ти создава одредена потешкотија бидејќи преводите однос- но изјаснувањето на кандидатите на друг јазик е сосема поинаку отколку што е стварноста.

Конкретно кога станува збор за полагање на овој испит еден мал збор сосема може поинаку да се заокружи одговорот од тестовите и да биде одговорот неправилен.

Од тие причини ние ако овозможиме тоа да го прави секој во својот јазик мислам дека ќе ја олесниме работата и истовремено ќе придонесеме за обезбедување на поголема безбедност во сообраќајот. Затоа треба да бидеме малку внимателни, треба малку да внимаваме од аспект да не правиме ништо ново, односно не чиниме ништо лошо на она што евентуално би го прифатиле.

Благодарам.

Молам, за поддршка, бидејќи ќе направиме големо добро за оние кои што се кандидати за полагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕ ЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Мене навистина не ми е јасно од кои причини заменикот министер неприфати со едно едноставно образложение дека не е предмет на расправа на овој закон. Мислам дека за ништо надвор од она што е реалност во РМ не се работи во овој закон ако се побара уште во едно сред но училиште каде во едно средно

училиште каде што сум јас член на Управниот одбор во АСУЦ веќе се изведува наставата покрај македонски

VII/3.-

и на албански јазик, а во тоа училиште сите ученици од четврта година веќе полагаат испит , добиваат возачка дозвола од двете категории и сигурно дека тие тој испит го полагаат на албански јазик затоа што веќе имаат таму неколку класа каде што се изведува наставата на албански јазик.

Пред неколку денови во тоа исто училиште се полагаше за инструктор, пети степен на образование. Ништо не е чудно таа диплома за инструктор да се добие и на албански јазик затоа што тоа веќе е решена работа. Сега претставува проблем ако евентуално една пракса која што веќе постои ние бараме со овој закон по прецизно да се дефинира и во другите сообраќајни друштва да може да се полага на јазикот на националностите мислам дека апсурдно е образложението дека не може да се полага на јазикот на националностите.

Мислам дека добро би било уште еднаш да се продискутира и министерот да даде образложение зошто не го прифаќа адамот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако може, прво, барам образложение од претставникот на Владата зошто не се прифаќа адамот за да можам да се вклучам во дискусијата. Имам право да барам образложение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

VII/4.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господо,

После овие дискусии од моите колеги од пратеничката група на ПДП по се изгледа некако веќе добива и во тоа што е дополнително објаснуваше во врска со оваа интервенција на г-динот Мевљан Таири и Мерсел Биљали во членот 241 , јас мислам дека се што би кажал јас, можеби би било и сувишно, по се изгледа ние не очекувавме дека претставникот односно предлагачот ќе се изјасни негативно за овој амандман верувајќи во тоа дека тоа ќе биде прифатено со една поголема ширина и со едно сфаќање кое кореспондира со европските стандарди, позитивни стандарди. И, не смееме да бидеме толку крути кога се работи за вакви интервенции т.е. амандмани во врска о употребата на јазикот на националностите и за вакви приватни автошколи и се понатаму.

Па затоа по се се чини за да не продолжиме вака барам во името на пратеничката група на ПДП пауза од 30 минути за да разговараме и со претставниците на Министерството за внатрешни

работи, а веројатно и со координаторите за да ги разјасниме некои работи врз база на аргументи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 16,30 часот.

Паузата започна во 16,00 часот.

VII/5.-

(По паузата седницата започна со работа во 16,45 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Застанавме по претресот по амандманот на член 241 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Мевљан Тахири и Мерсел Биљали.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

За жал по разговорите кои што се спроведени на ниво на координаторите на политичките групи во парламентот тие барем што се консултираа не дојдовме до заклучок дека постои можност да се постигне некоја согласност околу усвојувањето на овие амандмани иако имаше различни размислувања околу тоа на кој начин би можело да се разреши ова барање. По се изгледа дека

тие размислувања не може да се верифицираат тука, во Собранието, така што зависно од изјаснувањето на претставникот на Владата заменик министерот за внатрешни работи кој што се надевам дека ќе се вклучи во расправата уште еднаш во расправата, бидејќи како што самиот се произнесе ова прашање не е предмет и не може да се регулира со овој' закон , но во секој случај би сакал да слушнам на кој начин тоа може да се регулира односно да добиеме изјаснување од страна на претставникот на Владата дека за ова размислување ќе се согледаат реалните можности за спроведување на истото бидејќи ова барање не е нешто што навлегува во доменот на службеноста на јазикот , употребата и т.н. Пред се, тука се работи за едно реално барање за да се овозможи полесно оспособуваше на кандидатите за полагање на возачките испити. Поради тоа барам уште еднаш претст-

VII/6.-

авникот на Владата да се изјасни па во зависност од тоа ќе го изнесеме и нашиот став по однос на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор г-дин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас апелирам ова прашање никако да не се сфати емотивно, субјективно, по најмалку тенденциозно туку да се сфати реално.

Односно, ако законите и Уставот овозможуваат основно, средно образование, па дури високо образование на мајчин јазик и тука се поставува прашањето каде е логиката еден возачки испит да не се полага на мајчин јазик. Јас мислам дека имаме шанса да попаднеме на една контрадикторност од причина што повеќе наши граѓани кои работат во странство сами ги полагаат возачките испити на свој мајчин јазик. Сметам дека тоа е во склоп на логиката на пазарната економија и беспредметно ќе беше да се спориме околу ова прашање.

Ако логиката на ова е да се обучуваат кадри со цел за поголема безбедност во сообраќајот, јас мислам дека нема логика да не се прифати таков амандман или пак како што рече г-дин Таири да се каже во правец на тоа дека ова прашање е можно да се регулира со некој друг закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

VII/7.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас сакав да кажам дека предлагачите по мое мислење имаат добра појдовна основа што не завлегуваат со овој предлог во некои категории кои навистина со овој закон не можат да се решат, како што се уставно - правните, статусните и другите прашања. И, добро е што се застанува на тоа да се види еден

вид на едукација како да се олесни за оние што се стекнуваат со таа едукација. И, мислам дека тоа добро за ова Собрание и за овој закон и за други слични примери каде што се оспособуваат граѓани за одредена дејност односно за одредено прашање. Јас мислам дека и во рамките на законот но може и на друг начин, но битно е на граѓаните да им се олесни едукацијата оспособувањето за една дејност која се врши јавно во смисла на тоа учество во јавниот сообраќај. И, верувам дека и самиот предлагач е свесен за тоа дека колку е полесно и поквалитетно остварена таа едукација полесно односно посигурен ќе биде и сообраќајот.

И во таа смисла мислам дека предлагачите добро ја образложија оваа димензија на ова гледиште и би требало да се види ако е можно со овој закон да можеме тоа вечерва да го решиме, ако не да видиме на некој начин, меѓутоа треба да се види целата лепеза, условно речено на меѓусебните врски на сите видови на едукации во оваа смисла кои што служат за потреба на граѓаните за вршење на некои професионални или волонтерски дејности за јавна потреба.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

VII/8.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ.**

Ние баравме пауза верувајќи дека ќе ги усогласиме ставовите и со другите пратенички групи, меѓутоа, ние успеавме да обавиме

разговори и со координатори и со предлагачите односно претставникот од МВР , меѓутоа по се се" чини како да ги запрепастивме или навлеговме во една тема каде што не биле спремни и за жал, по се изгледа и нашите колеги тука за да се расправа за една обична и многу практична работа која е пример секаде . Меѓутоа, голем хендикеп по се изгледа е неприсуството на министерот за внатрешни работи кој е прв човек, се разбира, како предлагач на законот и мислам дека да ако ни овозможува, г-дине претседателе Деловникот ние би се сложиле да разговараме и понатаму во врска со овој амандман односно тука да се прекине расправата за овој закон односно амандман и да се разговара дополнително со првиот човек на МВР и потоа да продолжиме односно да се расправа за овој закон.

Мислам, ова е ставот на пратеничката група, ако , се разбира, нешто во меѓувреме нема дополнително да ни каже претставникот т.е. заменик министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Предлогот на законот е утврден од страна на Владата и доставен до Собранието. Имавте можности досега да ги усогласувате ставовите со предлагачот. Мислењето на претставникот на Владата во овој случај заменикот министер за внатрешни работи е релевантност, според тоа не постојат никакви деловнички пречки да се гласа по амандманот ниту пак се потребни деловнички услови овде да се застане па да се расправа со доаѓањето на министерот за внатрешни работи. Тоа битно не ја менува никако ситуацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас и понатаму како пратеник на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет инсистирав од страна на предлагачот да се образложи зошто не се прифаќа амандманот. Неколку пати неколку мои колеги излегоа на говорница и кажаа дека треба предлагачот да се вклучи и да образложи зошто не се прифаќа, па понатаму да се вклучиме во расправата по амандманот што е предложен од страна на пратеникот Мевљан Таири. Тука беше кажано кога може во средно училиште и во високото образование да се учи на албански јазик, а не може да се полага еден испит за возачка дозвола на мајчин јазик. Во што е проблемот, каде е проблемот, кои се аргументите, каде е основата? Затоа кога може една Германија, една Швајцарија за сите нејзини граѓани кои живеат во тие земји да може овој испит да го даде на свој мајчин јазик, јас поконкретно ќе кажам за Албанците кои живеат во Германија кои можат испитот за возачка дозвола да го дадат на свој мајчин јазик. Кој е проблемот, треба да ни се образложи од страна на предлагачот на законот. Затоа инсистираме како пратеничка група да ни дадете образложение па понатаму пак ќе се вклучиме во расправата во овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е на претставникот на Владата, а не е обврска да се јави за збор кога тој ќе оцени дека е потребно да се јави, како и за пратениците.

Дали уште некој бара збор?

VIII/2

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас не би се задржал многу, туку би рекол сосема она што може заправо и да се каже овде на говорница, бидејќи многу енергија, многу време ние трошиме за нешто што најмалку е во интерес на сите нас. Сообраќајните знаци не само во Македонија, туку било каде во светот тие се стандардизирани знаци и ниту еден од тие сообраќај ни знаци не асоцира на соодветна култура на земја на која што тие се поставени на патишта. И секогаш овде на говорница кога излегуваме ако малку водата не ја тераме на своја воденица воопшто никој друга намера нема. Ако и на ова веќе инсистираме што е најевтина инвестиција, нам воопшто таа нема никогаш во секојдневниот живот да ни важи. Зошто? Затоа што секогаш инвестираме на она што не одвојува и покрај тоа што разлики има, а треба во време да инвестираме разликите да бидат што помалку. Ова не е некој проблем што не може да се надмине. Јас не верував дека е тоа некој проблем што може да не засегне сите нас. Во претшколски установи на албански се учи, во основно на албански се учи, во средно и во високото образование се учи на албански. Сега еден валиден документ каде што требале оние да полагаат за возачки испит ако се Албанци да не им се овозможи на албански испитот и тестот да се положи. Јас мислам дека се што би се рекло би рекол дека е погрешна инвестицијата. За она за што се залагам тука е можеби за секого тешко, но сепак потреба поголема. И од тие евентуални баласти да се ослободиме. Ако не е сега време,

тогаш кога? Го подржувам амандманот што е поднесен од групата на ПДП Биљали и Таири.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

VIII/3

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе дами и господа пратеници, јас не знам зошто по кои причини Министерството за внатрешни работи одбил да го прифати овој амандман. Прво, по мое мислење треба да се анализираат, да се каже зошто не може да се прифати амандманот кога сите ние знаеме дека проблемот со кој се бара да се реши не е толку тежок и јас мислам дека со ништо не се промени и концептот на Законот. Меѓутоа, јас гледам дека кај Министерството за внатрешни работи едноставно сака да се одбие едно такво барање, а што е најлошо и со коалициониот партнер не може да се најде некој заеднички јазик за да се реши овој проблем. Ние знаеме дека полагањето за некои струки, или да кажам за некој вид на занаетчии, занимања, овде се работи за една проста работа полагање на испит за возачка дозвола. Јас мислам дека не се работи за некои работи кои веројатно ќе создаваат компликации. Меѓутоа тука јас гледам дека едноставно се негира албанскиот јазик. Со самиот чин на негирање на албанскиот јазик се негираат и Албанците. Тоа ние многу добро го знаеме господа, меѓутоа, треба да размисли секој пратеник и секој претставник на Владата барем

малку да направи една анализа за секое барање кое се однесува за решавање на некои проблеми кои се многу важни за интересите на Албанците во оваа земја. Јас не знам од кои причини ние сега да се согласуваме со многу други работи во оваа држава ако во старт се минира нешто што е многу важно, а тоа е се знае, предлагачот многу фино, многу коректно го кажал преку амандманот дека се бара полагање на испитите за возачки испит на албански јазик. тука нема ништо господо. Зошто толку бегате од одговорноста кон оваа држава. Ова значи избегнување од одговорноста кон оваа држава. А немојте да мислите дека со ваквиот чин на решавање на проблемите дека правите нешто што е нај, нај, за оваа држава. Јас мислам дека господо пратеници ние сите сме,

VIII/4

барем декларативно се изјаснуваме дека сме за оваа држава, дека сме за заеднички живот и тоа многу пати го повторуваме, меѓутоа, кога ќе дојдат на дневен ред вакви работи со една доза на нихилизам се гледа поготово кон албанското прашање, а тоа ќе и штети многу на оваа држава секој вид на нихилизам. Тоа треба да го знае секој интелектуалец поготово ние пратениците што сме одговорни за се во оваа држава како законодавен дом. И сега ние дискутираме и ние сме свесни дека немаме доволен број на пратеници да гласаме за овој амандман. Ни требаат и гласовите од пратеничките групи на македонскиот национален блок, меѓутоа поготово кога е амандманот предложен од страна на партнерот на коалицијата треба да се гледа малку поодговорно, а не вака едноставно да се одбие. Јас слушнав дека од многумина пратеници се бара уште еднаш да се

произнесе претставникот на Владата во врска со овој амандман. А кој бара, се знае, пратениците што се во коалиција. Тоа е право на претставникот на Владата дали ќе одговара или не. Меѓутоа, одбивање на предлогот на коалициониот партнер тоа значи многу. Значи тука не постои никаква коалиција, принципиелна коалиција. За оваа работа треба да се најде заеднички јазик и да се гласа за овој амандман. Доколку и овој амандман не се прифати, мислам дека некој спомна дека ние Албанците имаме право во основно, во средно, во високо. Не треба тоа да се каже, не треба со тоа да се образложи овој амандман. Амандманот треба да се образложи со многу други работи. Ние знаеме дека во Европските земји може да се организира полагање на било кој јазик ако постојат услови, ако постои кадар, ако постојат заинтересирани луѓе било од кој јазик. Сега во конкретниов случај во Швајцарија може да се полага на албански, исто така може во Германија, може тоа да се направи и во другите земји на запад. И сега зошто баш во Македонија да не може тоа да се дозволи?

VIII/5

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Панчо Минов има процедурална интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници, сега сакам да искажам нешто како пратеник, како претседател на Комисијата за деловник. Во сите правила на развиените парламентарни системи по предлог на амандман најмногу максимално е дозволено во расправата двајца други дискутанти и

тоа со спротивни мислења од предложениот амандман. Ние за жал уште работиме по стариот Деловник, но тоа не не ослободува од обврската да ги претпочитаме правилата на едно парламентарно работење и одлучување што инаку го заговараме и со новиот Деловник на Собранието. Во таа смисла апелирам да се прекине со десет, петнаесет јавувања се на иста тема со подржување на амандманот кога веќе во процедура е амандман и за кој треба процедурално Собранието да се изјасни. Инаку јас лично сум против овој амандман затоа што ова е Закон за безбедност во сообраќајот, а не закон за регулирање на употребата на јазиците на националностите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак, ова беше еден апел, сугестија на господин Минов, се разбира, не деловничка интервенција. Дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Му се заблагодарувам на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитети прашања за сугестијата, но истовремено му упатувам забелешка по однос на неговото исто однесување кога се работи за други точки кога по цел час тука го слушаме како се расправа и се обидува со право според мене да не убеди да гласа-

VIII/6

ме за неговите предлози. Така што немојте да се зачудите дека и ние истото тоа се обидуваме да го правиме, сметајќи дека сме во право, сметајќи дека имаме право да бараме и да се убедуваме да се изгласа овој наш предлог, односно да се изнајде решение

кое ќе не задоволи и нас, односно и предлагачот на Законот по однос на ова прашање. Инаку навистина ме зачудува целата оваа атмосфера која што се создаде сега овде, тоа го кажа и господинот Исмет Рамадани и многу други пратеници кои што зедоа збор. Се работи за чисто прашања кое што се однесува токму на безбедноста на сообраќајот, се однесува за прашање за кое што бараме начин како да се оспособат кандидатите за да можат најбезбедно да се вклучат и сообраќајот да се одвива. Јас навистина не разбирам да се има ваков ригиден став по едно вакво прашање. Но, тука има и нешто друго кое што загрижува. Имено кога се разговара вака со пратеници, со наши колеги, сите се согласуваат дека, да, така е, ама, што? Не можеме тоа да го кажеме, не можеме да го изгласаме, не можеме да го прифатиме затоа што некој гледа, затоа што зависат политичките партии, односно нивниот рејтинг од тоа, односно дека целата таа работа зависи од Министерството за внатрешни работи, тие ценат дека не може да се направи тоа и дека е неприфатливо. Во овој случај навистина немам никаква надеж, затоа и побаравме ние пауза евентуално да видиме дали може да се постигне нешто во координација со политичките групи. Инаку од Министерството за внатрешни работи вакво какво што е, не може да се очекува да прифати вакво нешто. И несомнено дека Комисијата која што работела во случајот на Гостивар не случајно дошло до таков заклучок дека таму се потребни и те како кадровски промени за да се смени целата таа филозофија на заштита на едни високи интереси по секоја цена, а да се заборави на интересите на граѓаните, на безбедноста и на многу други работи. Затоа јас уште еднаш апелирам до сите вас како пратеници, а се разбира и до претставникот на Владата да собере сили и да излезе од оваа ситуација во

која што сите заедно ние се најдовме се со цел по однос на вакви прашања кои што сепак според мое лично мислење сепак се банални. Се однесува за оспособување на кандидати, да најдеме сили и да се извлечеме. Доколку не, јас тогаш уште еднаш го повторувам барањето на координаторот на нашата политичка група да ја прекинеме расправата овде, бидејќи навистина прашањето е банално, но се однесува на севкупните односи и да дозволиме ова прашање уште еднаш да се третира ако треба и на највисоко ниво во Владата и после тоа да ни се достави заклучок од Владата и да решиме по истото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници по втор пат се јавувам по амандманот. Сигурно дека ќе ми замери господинот Панчо Минов, меѓутоа, еве не е тука, па може и нема прилика.

Вчера во Нова Македонија беше објавен написот во црната хроника за бројот на сообраќајните несреќи во Македонија во минатата недела. И ако добро ја читаме таа информација што е таму дадена ќе установиме дека никаде не се велеше дека толку сообраќајни прекршоци направија Албанците, толку Македонците, толку Србите, толку Турците итн. Со ова сакам да кажам дека сообраќајната едукација воопшто не смее да се поврзува со јазикот на националноста. И од тој аспект треба да се едуцираме сите кои што имаат потреба, онака како што треба и онака како што најдобро ќе може за да бидеме што подобри учесници во

сообраќајот. Ако тоа така го сфатиме, тогаш мислам дека не претставува проблем ниту за Министерството, а уште помалку за нас пратеници кои што понекогаш еве, одиме и надвор, понекогаш, некој и повеќе, но, го слушнав од оние што

VIII/8

одат повеќе надвор, ако слушнат дека ние како Собрание расправаме за една ваква работа и условно речено би сакал да бидам демантиран да не биде тоа условно речено, дека нема да помине, сигурно ќе се изненадат и ќе прашуваат, па што правите вие таму? Не знам што ќе можеме да одговориме. Нека мислат што ќе одговорат тие кои што повеќе патуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе дами и господа мислам дека овој проблем со кој што денеска се занимаваме е повеќе валентен, затоа што има и една ментална, една политичка, една правна и веројатно некоја друга страна, а всушност има еден значаен влог, тоа е двојазичноста. Ментален е затоа што се одвива во една зголемена тензија која што ја доживеавме и ние пред некој ден на улиците на Скопје, односно во Тетово и Дебар. Политички затоа што задира во прашањата кои што се многу чувствителни, тоа е прашањето на двојазичноста која што веќе со години е една од најкрупните ревандикации на албанските политички партии. Правен е, затоа што бараме да се внесе нешто во Закон, а јас лично бидејќи не сум правник, незнам какви реперкусии на правен план може да донесе, односно во смисла на принципиелност на

почитување на ова, ако ние го изгласаме како амандман какви правни реперкусии може да има на другите закони.

IX/1 . - ЛП/МЈТ

**НАНО РУЖИН:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според тоа, тоа е еден навидум мошне маргинален амандман меѓутоа, кој што задира во една многу чувствителна материја. Ние не можеме туку така сега да кажеме и дигаме два прста и на тој на- чин во моменти кога, како што ви реков значајни во смисла на по- дигање на меѓуетничките односи во смисла на подигање на нивната поголема тензија, да гласаме за еден амандман кој што зафаќа една така сериозна област. Во таа насока, сметам дека амандманот во овој политички миг нема основа бидејќи едноставно немаме ниту една посериозна анализа што значи тоа од правен аспект. Мене не ми пречи и не верувам дека ќе се намали бројот на сообраќајните незгоди до- колку тој амандман влезе во законот, туку знаеме дека бројот на сообраќаните незгоди ќе се намали повеќе со унапредување на технички средства, изградба на инфраструктура, нашата свест итн. Според тоа, сметам дека треба да имаме еден реалистички пристап и во таа насока сметам дека овој амандман можеби ќе има подобри денови во едно идно време. Мислам дека треба да бидеме и практични, треба да бидеме и реалисти да ги оцениме искуствата - некој рече дека тоа се зборови од маркетиншки

аспект. Да, тоа се зборови и од маркетиншки аспект и според тоа мислам дека, иако не се сомневам во добрите намери на предлагачите на амандманот, сепак сметам дека нема да го поддржам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, мислам дека самото инсистирање на амандманот да се погледа, кој се претендира да се внесе во законот, создава претходни резерви кај пратениците за вистинската цел и намерата во врска со

IX/2.-

решението кое што се нуди и образложението во врска со тоа, а тоа е тоа да биде стручна едукација на кадрите кои треба да полагаат возачки испит, за да ја совладаат потребната материја и теоретски и практично, за да може со едно високо теоретско и практично знаење да добијат соодветна верификација од надлежниот орган и да се вклучат во јавниот сообраќај со управување на моторни возила. Ако успеав да ја дефинирам таа основна цел што треба да биде заедничка одредба за сите пратеници во Парламентот, а пред се и на предлагачот на овој проект на овој закон и мислам дека само оттука треба да тргнеме, треба да бидеме реалисти, она што е во редовниот живот во Република Македонија. Правото да се јавуваат, да се дедуцираат за управување на моторни возила во јавниот сообраќај во Република Македонија најразлични профили на граѓани со наполнета соодветна де- ловна способност од 18 или некому од

16 години, но со најразлично ниво на културно, образовно и социјално ниво, што реално го имаме во Републиката и што реално ќе се јавуваат како учесници во сообраќајот и што реално ќе зголемуваат од степенот на нивната едукација потенцијалната опасност од безбедносни аспекти во сообраќајот при што сите сме ние учесници, и ние и нашите семејства. Почитувајќи ја таа реалност, оние што го спроведуваат тој закон треба да ги почитуваат тие реалитети и да најдат модалитет и инструменти, вклучително и во овој инструмент кој се бара овде да се внесе во законот, за максимална повисока теоретска и практична едукација на тие кадри. И тука треба да се застане, да се избегне секаква палетизација, да се избегнат секакви други околности и третирања на овој проблем и во овој Парламент, мојот став е дека ова решение ка- ко што се нуди во законот со амандманот не е предмет на регулирање на законот и треба да остане надвор од законот, од законската регулатива, но нужно оние кои го спроведуваат законот треба да бараат форми и инструменти низ практиката за постојано изнаоѓање модалитети за трајна повисока теоре-

IX/3.-

тска и практична едукација на тие кадри. Во спротивно, ако се пренапрегне тој реалитет што постои во Република Македонија за дијапазонот на различно културно, образовно и социјално ниво на кандидатите кои претендираат да учествуваат во јавниот сообраќај со управување на тие возила ќе ни се јавуваат голем број на девијантни појави, вклучело и тоа да не се добива сертификатот, односно дозволата за учество во јавниот сообраќај врз основа на принцип на покажано теоретско и практично знаење, туку на принципот германска марка, всушност да го сведам на обратниот

принцип на незнаење, на дивеење во сообраќајот и на висок степен на загриженост на сите нас и на сите граѓани на Република Македонија и нивните членови на семејствата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Имав намера да го поддржам амандманот без да излезам да расправам, меѓутоа, малку бев инициран од претходните два дискутанти. Ќе се вратам на она, нема да го цитирам, меѓутоа, онака како што го сфатив излагањето на господинот Нано Ружин, дека гледано од негова страна нема никаков проблем да го поддржи амандманот, меѓу- тоа, постои еден страв да не послужи како иницијална railisла за не- кои идни закони, па затоа треба да се направи една правна анализа какви можни реперкусии може да донесе во правниот систем. Тоа значи ова да не послужи како повод при наредни расправи за употреба на јазикот на националностите во други сфери па да се користи како алиби, барем јас така разбрав, кога можете при издавање на возачки дозволи, зошто сега не

IX/4.-

може, што мислам дека воопшто не држи, зашто овој амандман не се однесува само на албанскиот јазик, бидејќи амандманот вели дека се спроведува на јазикот и писмото на националностите и од таа гледна точка јас го поддржувам. Исто така, вели по

барање на кандидатот. Доколку кандидатот смета дека на својот јазик ќе покаже повисоко ниво на знаење, природно, тоа право би требало да му следува до толку повеќе што тоа се општоприфатени стандарди во светот. Значи, не е образовна институција. Овој амандман оди во прилог да се обезбеди повисока безбедност во сообраќајот и јас имам сосема спротивно мислење од господинот Наќе Стојановски. Мислењето на Наќе Стојановски алудира, повторно ќе појдам од економското, социјалното и образовното ниво на кандидатот - може дури во спротивен правец да ја намали употребата на германската марка во тие цели. Или дали тоа имплицира дека само на еден јазик може да се постигне солидно ниво на знаење и дека на другите јазици ќе се манипулира со тоа. Мислам дека вакви анализи и вакви тези не држат. Да не се служиме со тие работи. Друго е службена употреба на јазикот во институциите на системот, друго е користењето на мајчиниот јазик за добивање на право да се влезе во сообраќај. Тоа право секаде се практикува, дури е пожелно во рамките на постојните автошколи, кога би постоеле можности, кандидатот да има право да побара да полага на мајчин јазик пред комисија или да се засилат комисиите со стручни лица од сферата на другите националности за да се добие квалитет во тоа. Дотолку повеќе што ставот 2 на член 241 го дава тоа право, меѓутоа, за институции, за средно и за високо образование. Денес во средини каде што има средно образование на јазикот на националностите можат да се послужат со тоа право да организираат настава за автошкола и да се полага, ќе ве прашаат на кој јазик ќе се полага - на јазикот на кој се одвива наставата во тоа средно училиште. Значи, останува проблемот само со автошколите. Тоа може да се направи и во рамките на постојните автошко-

ли, а може да се направи и со давање дозволи при регистрирање на нови автошколи. Во секој случај, според мене нема никакво политизирање и нема причина да не се поддржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 257 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Гајтановски.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 268 за менување на став 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски и Владимир Станковски.

IX/6.-

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Даневски има збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, група пратеници од ЛДП поднесе амандман на Предлог-законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, членот 268, што значи да се измени првиот став и предлагаме тестовите да бидат дадени на отворено, т.е. да бидат јавни, да се дадат тестовите на било кои правни лица на високообразовни, автошколи, а како образложение би дошло да се ослободи Министерството за внатрешни работи, од причина што Министерството има толку обврски и да се растовари, затоа што земајќи го искуството на многу држави кои се ослободени, така што оваа дејност ја извршуваат стручни школи, автошколи, факултети и

високообразовни центри, тие се на страна од Министерството за внатрешни работи.

Друга забелешка на оние тестови кои денес се во функција во државата, она што значи илустрирани слики на раскрсници, и ден денес се од поранешната Југославија, сликите се од Војводина и мислам дека Министерството треба да ги прифати овие укажувања, да се направи сигурно нова илустрација на сликите на раскрсниците и би било добро да се даде на јавен оглас, да излезат луѓе да конкурираат и не треба да се држи до тоа, затоа што знаеме дека ова е отворено. А она што беше кажу-

IX/7.-

вање од луѓето од МВР дека таму има професионалци кои се задолжени исклучиво да ја извршуваат оваа работа, Министерството треба да ја изврши таа работа да врши само стручен надзор и контрола над дадените тестови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 268 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Гајтановски.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 301 за додавање два нови става по ставот 3, поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гајтановски.

IX/8.-

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот ан член 374 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа од причина што услови- те и режимот на сообраќајот се категории од значење за

системот на одвивање на сообраќајот на сите патишта во државата подеднакво, по- ради што не е можен двоен приод во нивното уредување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 382, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Гајтановски.

IX/9.-

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Даневски има збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Овој амандман се однесува на членот 3 82 така што по зборовите "полицаецот може "зборовите"да ги одземе регистарските таблички на возилото" да се бришат. Што е идејата и што би значело образложението на овој амандман. Ако

патничкото возило остане на улица и ако полицаецот му ги земе регистарските таблички, не значи дека тој го отстранува возилото каде што е паркирано на паркинг плацот. Вози- лото и натаму останува да го загрозува сообраќајот. Ќе ги претвори- ме полицајците во автомеханичари и друго, овој член не е прецизен. Што ако ги оштети табличките, ако ги скрши? Така што полицајците треба да ги направиме автомеханичари, да се занимаваат со земање таблички, а безбедноста не ја изрегулира овој член. Мислам дека требаше да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? Господин Коцевски има збор.

Господин Коцевски има збор.

X/1 дв/вс

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Господинот Даневски се обиде да ја објасни суштината на амандманот, јас да се надополнам на тоа што го кажав.

Овој член ако остане така како што е предложен со неговата содржина, наша оценка е дека ќе биде премногу репресивен. Од тие причини би требало, и заради доброто на полицијата, ние како законодавен дом да го ослободиме министерството односно

сообраќајните полицајци од таквата обврска, бидејќи одземањето на регистарските таблички од страна на полицајците сообраќајци, од возилата кои се непрописно паркирани, дали на коловозите или на тротоарите, мислам дека претставува многу репресивна мерка која е напуштена скоро од најголемиот број држави. Незнам се уште каква е состојбата со Грција, меѓутоа суштината е во тоа што сообраќаецот и доколку ги извади регистарските таблички на непрописно паркираното возило не значи дека со тоа придонел кон зголемување на безбедноста во сообраќајот, затоа што возилото и понатаму ќе остане или на коловозот или ќе остане на тротоарот и ќе попречува во нормалното одвивање на сообраќајот.

Имајќи ги предвид другите можности кој ги нуди законот, полицаецот може да нареди отстранување на возилото од тоа место, или по потреба, ние што го нарекуваме пајак служба, да нареди тоа возило да биде на сметка на тој што непрописно го паркирал, отстрането и паркирано на друго место. Мислам дека тие две мерки се сосема доволни и би требало како пратеници да го поддржиме овој амандман за да ја ослободиме полицијата од една многу неблагодарна и непопуларна репресивна мерка која без потреба ја заговараме да ја прави полицијата. Мислам со тоа ќе ја доведеме во многу непријатна положба, посебно и заради тоа што законодавецот односно предлагачот на законот не предвидел дополнителни образложенија на овој член. Што, откако полицаецот ќе ја извади табличката? Во кој рок е должен газдата на возилото да отиде и да си плати соодветна казна за да му биде вратена табличката. Да не

X/2

зборувам од оној аспект што кажа Даневски, што ако во случајот на вадењето на табличката се направат одредени штети. Кој ќе му ја компензира таа штета на газдата на возилото итн. Мислам дека треба да бидеме малку пошироки. Претходниот амандман не беше прифатен, иако лично сметам дека со новиот закон за

Влада што е во подготовка, и со новиот закон за органите на државната управа ние ќе бидеме должни МВР, полицијата да ја ослободиме од сите работи кои излегуваат надвор од доменот на основната функција на сите Министерства за внатрешни работи во државите, а тоа е да се грижат за јавниот ред и безбедност, да се борат против криминалот и недозволената трговија со дрога, односно да се ослободи од сите оние функции што ги има како што се издавање на пасоши, лични карти итн. Во таа смисла беше и нашата заложба Министерството да биде ослободено од изготвувањето на тестови за кандидатите што ќе полагаат, затоа што својата контролна функција Министерството ја остварува со самиот факт што дава одобрение дали тие тестови се добри, одговараат на намената или не.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас како трет предлагач, како што кажа господинот Коцевски, да се надоврзам на тоа што пропушти Коцевски да каже. Јас имам едно искуство,. негативно искуство во врска со овој закон односно овој член од законот за одземање на таблици каде што полицијата не носи во своите џебови шрафцигери и клучеви за демонтирање на табличките туку ве тера Вас како возач прекршител, да носите со себе гарнитура на клучеви и шрафцигери и вака елегантно облечени седнете и еден саат или два саата ги вадите таблиците од возилото. Никој пат полицијата нема да се доведе во состојба да би вади табличките како што рекоа моите претходници. Господата полиција ви наложува вие да ги извадите. Јас имав такво искуство. Иако се усвои ваква формулација на законот тогаш ние возачите што сме направиле било какво прекршок ќе се претвориме во автомеханичари и монтери и сите ќе мораме да носиме опрема за демонтирање на таблици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дали некој друг бара збор (никој).

X/3

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (33 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 396 за додавање нов став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Комисијата го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 405 став 1, за додавање нова точка 25, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа од причина што понудените износи на казните се резултат на опстојна анализа на прекршоците и последиците од нив и секое менување го нарушува неговиот сооднос, заради што остануваме на понудените износи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Се работи за амандман со кој, еве како претставникот земјоделска општина, секаде па и во Кавадарци е проблем со работните машини односно трактори во движење на регионалните патишта, со неуредни светлосни сигнали односно светла. Прекршокот е одреден со казна од 1.000 денари. Тој износ, незнам каква анализа правеле во МВР, но евидентно е дека, не

знам колкав број односно голем број на прекршоци од тој карактер кој, за жал многу често се врзани со тешки сообраќани

X/4

несреќи. Најверојатно еден од факторите за неефикасност на законот, во казнената регулатива во делот на неуредни светла на работни машини посебно на трактори, движење во сообраќај на регионални патишта е и многу ниската казна која, ако ја споредиме со тоа, во една судска прекршочна постапка од најмалку година дена, ќе биде навистина девалвирана, не го постигнува ефектот преку санкциите, градење на една свест за уредно вклучување во сообраќај на работните маќини трактори. Тоа беше целта.

Еве една компарација во делот на казната. Заради нередовност на технички преглед на тракторите, конкретно што е обврска секоја година да се прави, казната е од 3.000 до 9.000 денари, со кумулативниот на прекршок до 30 дена затвор. Мислам дека за тој технички преглед како основен услов за уредност на тракторите конкретно во сообраќајот, една паралела во делот на практичниот прекршок на вклученост во сообраќајот во кој ќе се има неуредни светла, како голем причинител на тешки сообраќајни несреќи, не коинцидира со оваа висина на казна од 1.000 денари. Затоа беше предлогот за удвостручување, чисто од практичен аспект.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Сум видел амандмани многу, но Владата предлага 1.000 денари, а пратеник од земјоделска општина, за земјоделски производители, 2.000 денари.

Наполно се согласувам дека безбедноста се нарушува. Меѓутоа, во ек на берба на грозје, во ек на берба на земјоделски производи каде што земјоделските производители во ек на берба се ангажираат за 15 и 20 дена, мислам треба да постои еластичност од полицијата и Владата добро предлага 1.000 денари. Сега Панчо Минов предлага 2.000 денари. Како ние ќе се јавиме во општините да им кажеме дека ќе гласаме за амандманот казната да биде не 1.000 него 2,000 денари. За тоа

го одбивам овој амандман и останувам на предлогот на Владата за казна од 1.000 денари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

X/5

Отворам претрес по амандманот на член 407 став 1, за бришење на точките 12, 13, 14 и 15, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот со истото образложение кое беше дадено во претходниот амандман.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Овој амандман се однесува на намалување на казната за погрешно паркирање. Овој амандман е сосема во согласност со Законот за прекршоците односно со минималната казна, и со распонот на казните кој е предвиден во Законот за прекршоци.

Овде се работи за намалување на казната за погрешно паркирање од 1.000 денари на 5.00 денари.

Сите вие сте сведоци, поготово сите овие што живеат во Скопје дека често пати овој сообраќаен прекршок се прави објективно односно од немање каде. Плановите какви што се направени веќе во последните 20-30 години, не само во централното градско подрачје туку и пошироко не овозможуваат

простор за паркирање, така што често пати возачите прават прекршок без нивна вина.

Во централното градско подрачје еве во нас. Аеродром и во Лисиче луѓето не можат дури и пред своите домови да ги паркираат возилата бидејќи немаат соодветен паркинг простор пред својата зграда односно пред своите домови и се паркираат на тротоари. Тоа значи дека секојдневно по неколку пати треба да плаќаат казна. Исто така пред многу јавни објекти, здравствени установи, школи, градинки не постојат соодветни паркинг простори, така да родителите кога ги земаат своите деца свесно прават прекршок при паркирање. Овој амандман на некој начин нуди да ја ублажи оваа состојба со намалување на казната бидејќи, навистина 1.000 денари за неправилно паркирање е превисока казна. И

X/6

Вие почитувани пратеници што работите во Собранието секојдневно поради немање доволно паркинг простор пред просториите на Собранието го правите овој сообраќаен прекршок. Значи не само, како што напоменаа некои, да постои една флексибилност туку треба да се внимава на реалната состојба. Од таму ве повикувам да го поддржите овој амандман кој ќе значи намалување на казната за неправилно паркирање и запирање. Непосредно поврзан со овој амандман е и амандманот 2.

Пред малку Владата го прифати амандманот на господинот Никола Г. Поповски каде што обратно пак се земаат нови средства од граѓанинот. Имено се работи, не беше објаснето за полномошно и тоа исклучиво да мора да оди преку овластена организација каде што, се разбира, г-динот Поповски е претседател на АМСМ и мора да ги застапува тие интереси. Меѓутоа, мислам немаше логика за прифаќање на овој амандман бидејќи исклучиво АМСМ е тој што треба да го заверува полномошното. Тука се негираат судовите, нотарите итн. Затоа го молам претставникот на Владата да има еднакво аршин при ценење на позицијата и опозицијата и го молам и јас како и некој што го молеа, до колку може подиетално да го образложи неприфаќањето на овој амандман, до колку сака, се разбира, тоа

е негово деловничко право, а вас почитувани пратеници ве повикувам да гласате за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 407 став 1, за бришење на точката 21, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

X/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 407 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 408 став 1 за додавање четири нови точки по точката 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ГАЈТАНОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (7 пратеници)

X/8

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на законот. Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Ве молам колку пратеници се присутни во салата (59 пратеници)

Значи немаме кворум за одлучување.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

Бидејќи имаме кворум за одлучување, уште еднаш предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (60 пратеници).

Дали некој има против. (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој). Очигледно дека некој не гласал.

Во салата има 61 пратеник. Констатирам дека Собранието го донесе законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

Предлагам овде да ја прекинеме седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот. Ве молам за точност.

(седницата прекина со работа во 18,00 часот).